РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

# АНТИКОРУПЦИСКА ПРОГРАМА 2012

**СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ**

**Јануари 2012**

**С к о п ј е**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
***Сектор за внатрешна контрола и професионални стандарди***
***Ев.број 13-***
***2012***
**С к о п ј е**

Согласно Владиниот преоритет за борба против корупцијата како и постигнатиот успех од досегашната борба против корупцијата, развојот на демократијата, владеењето на правото, успешно справување со сите видови на криминал и криминално однесување, вклучително и сите појавни облици на организиран криминал како и изразената политичка волја за спречување на корупцијата како негативна и штетна општествена појава, што претставува дел од стратешките Евроатлански цели и интереси на Република Македонија, во согласност со програмата за работа на Владата на Р.Македонија, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во име на Министерството за внатрешни работи за 2012 година ја донесува следнава:

# А Н Т И К О Р У П Ц И С К А П Р О Г Р А М А

Современите трендови на полето на сузбивање на корупцијата се насочуваат кон превземање на превентивни мерки кои ќе се фокусираат на смалување на можностите и создавање на неповолни услови за извршување на корупциски кривични дела. Превентивните антикорупциски мерки се со цел спречување, откривање на причините и условите за корупција и нивно отстранување додека репресивните активности остануваат како корективни мерки и се насочени за санкционирање на незаконското работење и со кои се отстрануваат штетните последици.

Најчесто корупцијата во Министерството за внатрешни работи се јавува при:

- Констатирање на извршени прекршоци или престапи;
- Составување на акти, изрекување на глоби и други санкции;

- Пропусти во спроведување на истрагата да не се идентификуваат сторителите или истите да се ослободат од кривична и прекршочна одговорност;
- Неизвршување на правосилни судски пресуди односно нивно одлагање;
- Земање поткуп и уценување странски државјани кои аплицираат за престој во Република Македонија;
- Пропуштање на лица со забрана за влез и излез или ограничување на лица со неисправни документи преку граничните премини;
- Прекуредно преминување на граѓани на граничните премини и невршење на гранична контрола;
- При вршење на увиди на лице место;

Под поимот корупција во Министерството за внатрешни работи и полицијата се подразбира секое дејствие или пропуст кое вработениот ќе го стори при вршење на својата должност, а за тоа како возврат бара или прифаќа некаква корист, погодност или интерес за себе или за друго лице како и секое пречекорување и прекршување на стандардните постапки и процедури, злоупотреби на службената должност или пречекорување на законските овластувања заради директно или индиректно ветена, понудена, дадена, побарана, прифатена или очекувана материјална, нематеријална корист, погодност, предност или друг интерес од страна на вработен во Министерството, за себе или за некој друг со намера да изврши или да се воздржи од извршување на дејствие кое законски е должен да го изврши или да не го изврши.

Акти на корупција:

- преземање на дејствија кои се законски пропишани или произлегуваат од закон, со цел стекнување на корист, предност, погодност или интерес за себе или за друг;
- преземање на дејствија кои не се пропишани со закон ниту произлегуваат од закон, со цел стекнување на корист, предност, погодност или интерес за себе или за друг;
- непреземање на дејствија кои се законски пропишани или произлегуваат од закон, со цел стекнување на корист, предност, погодност или интерес за себе или за друг.
- секоја услуга што се коси со законските норми и е надвор од стандардната процедура и законски предвидени рокови и постапки, направена со цел стекнување на корист, предност, погодност или интерес за себе или за друг;

Под поимот материјална или нематеријална корист, предност, погодност или интерес се подразбира секоја добивка без разлика на нејзината големина или вредност, како и секоја нефинансиска добивка, без разлика на нејзиниот вид, форма или содржина.

Под поимот финансиска корист или интерес се подразбира секоја добивка без разлика на нејзината големина или вредност. За корист или интерес се смета и секоја нефинансиска добивка, без разлика на нејзиниот вид, форма и содржина.

Под индиректна инволвираност во корупција се подразбирааат сите случаи во кои користа, предноста, погодноста или интересот се ветени, понудени, дадени, побарани, прифатени или очекувани преку трето лице, односно преку посредник.

Покрај поткупот како класичен облик на корупција, постојат и други кривични дела во кои се инкриминирани корупциски однесувања поврзани со злоупотреба на службената положба и овластување. Овој корпус на кривични дела се инкриминирани во кривичното законодавство. Во групата на кривични дела од областа на корупцијата спаѓаат: давање и примање на поткуп, фалсификување на службена исправа, послужување во службата, проневера во службата, противзаконито посредување, злоупотреба на службена положба и овластување, измама и други.

## 1. <u>Програмски активности</u>

Министерството за внатрешни работи со својата проактивна борба против корупцијата и нејзина апсолутна неприфатливост, гради контролни механизми, мерки и активности со кои ќе го стесни просторот на коруптивно однесување на вработените во Министерството и полицијата, како и откривање и соодветно санкционирање на секој конкретен случај, поради што оваа програма опфаќа систем на мерки и активности кои значат:

1. Вработување во Министерството согласно пропишаните стандарди
2. Континуирана обука на вработените во Министерството и полицијата
3. Обука на полициските кадри кои се спротивставуваат на корупцијата;
4. Воведување на превентивни програми за спречување на корупцијата во Министерството и полицијата;
5. Доследно почитување на член 128 од ЗВР;

6. Јакнење на интегритетот, одговорност и кодекс на полициско однесување;
7. Спроведување на систем на кариера;
8. Ефикасност и ефективност во работата на службите во составот на Министерството за внатрешни работи
9. Зајакнување на меѓуинституционалната соработка;
10. Унапредување на меѓународната соработка во борбата против корупцијата;
11. Спречување на судирот на интереси при вршење на јавни должности;
12. Ширење на јавната свест кај граѓаните за штетноста од корупцијата
13. Транспарентност во работењето, значаен сегмент за спречување на корупцијата во Министерството за внатрешни работи;

## 1.1 Вработување во Министерството согласно пропишаните стандарди

Припадниците на полицијата и Министерството се вработуваат врз основа на условите за избор и вработување определени со закон. Квалификација, селекција и вработување на припадниците на Министерството се обезбедува согласно законските прописи.

Постапката за селекција и вработување на кадар во Министерството се заснова врз принципите на објективност и недискриминација на двата пола, како и соодветна правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во Република Македонија.

## 1.2.Континуирана обука на вработените во Министерството

По завршување на основната обука на вработените од огромно значење е и овозможување на континуирана обука во текот на работењето која треба да биде достапна во сите области на полициското постапување во редовни интервали за сите припадници во Министерството.

Целта на обуката е да се прошири знаењето на припадниците и да се подобрат нивните вештини. Обуката мора да го одржи принципот на демократска работа на полицијата, во оперативна смисла подразбира полицијата да биде обучена да постапува согласно законите и полициската етика, вклучувајкиги и оние кои се однесуваат на корупција.

Со континуиранаата обука на полициските службеници и останатите вработени во Министерството не треба да се подигне свесноста за санкцијата која ке се примени против нив во случај да ги прекршат правилата, туку да научат дека демократските вредности, позитивното законодавство и мегународните стандарди на работа на полицијата претставува суштинскиот дел на уверувањето на секој професионален полицаец.

## 1.3 Обука на полициските кадри кои се борат против корупцијата

Од посебна важност е континуиранаата специјална обука на полициските кадри кои се борат против корупцијата и усовршување кое ќе биде насочено на професионалната работа соочувајќи се со предизвикот во борбата против корупцијата која треба да биде бескомпромисна и неселективна со целосно почитување на човековите права, Уставот и Законите.

Сите полициски службеници се должни стручно да се оспособуваат за работата што ја извршуваат на своето работно место, за вештини и знаење низ организирани програми. Усовршувањето е постојана активност која ја спроведува Министерството за внатрешни работи. Во рамките за своите активности, Центарот за обука ќе спроведе обука за усовршување на полициските службеници кои се борат против корупција во сите организациони единици.

Во полициските редови при изборот на кадри за борба против корупцијата посебно мора да се внимава на потребниот степен и вид на образование, да се практицира доедукација на полицискиот кадар за корупција и методи за нејзино успешно сузбивање.

## 1.4 Воведување на превентивни програми за спречување на корупцијата во Министерството и полицијата

Развојот на медискиот детектизам како нужен антикорупциски инструмент допринесе во последните неколку години да се обелоденат случаи на корутивни однесувања на полициски службеници што допринесува до информирање на службите надлежни за борба против корупцијата за навремено превземање на соодветни мерки.

Во таа насока со превентивни програми систематски ќе се работи на зголемување на транспарентноста на работата на Министерството и ќе се подига свеста на вработените за феноменот корупција. На работните состаноци организирани и спроведени од страна на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди ќе се запознаваат полициските службеници за законите кои овозможуваат борба против корупцијата,  да се дефинираат кои се однесувања се сметаат за корутивни и да се посочат органи односно институции надлежни за спротивставување на корупцијата како и казнените одредби во Кривичниот закон на Р.Македонија. Ваквите превентивни мерки во сопствените редови имаат за цел спречување на причините кои допринесуваат за појавата за корутивното однесување кај вработените во Минисерството за внатрешни работи.

Во рамките на Проектот „Отворен ден", чија цел е обезбедување транспарентно работење и приближување до граѓаните и нивно запознавање со надлежноста и работата на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, граѓаните ќе бидат запознати и охрабрени да ги пријавуваат сите случаи на корупција и корутивно однесување на полициските службеници и начините на кои можат да го сторат истото.

## 1.5 Доследно почитување на член 128 од ЗВР

Демократското полициско работење наложува полицијата истовремено да е надвор од политиката, но исто така да ги штити демократските политички процеси.

Полициските службеници, по закон ги имаат истите граѓански и политички права како и останатите граѓани. Ограничувањето на овие права е предвидено во член 128 од Законот за внатрешни работи.

Полициското организирање согласно принципот ,,Полициско работење во заедницата,, овозможува воспоставување односи на релација полиција-јавност а со тоа се создава поле за ефикасна соработка со другите органи, единици на локалната самоуправа, невладините организации и граѓаните.

Полицијата како државен орган за спроведување на законот се грижи за заштита на човековите слободи и права според Уставот на Република Македонија, законите и меѓународните договори, спречување и откривање на казниви дела, превземање мерки за гонење на сторители, како и одржување на јавниот ред и мир во општеството. Заштитата на човековите права претставува базична вредност во општеството.

Принципите на правда и правичност се главна задача на вработените во Министерството за внатрешни работи. Вработените во Министерството мораат да го спроведуваат законот и да се раководат според принципите на еднаквост, рамноправност и недискриминација по било кој основ. Истите не смеат да ги користат службените овластувања за да добијат корист, погодност или интерес за себе или за друго лице. Полициските службеници постапувајќи согласно Уставот и Законите секогаш мора да ги почитуваат стандардите на професионално работење.

Полицијата помага во одржувањето на вредностите на демократијата, таа е овластена да применува полициски овластувања кои подразбираат мерки и активности со кои директно се задира во основните права и слободи на граѓаните. Со цел да се обезбеди целосна заштита на човековите права и слободи и да не дојде до нивно непотребно ограничување, нужно е да се афирмираат принципите на стручност, компетентност, правилно остварување и извршување на задачите.

Кога полицијата ќе ги извршува своите задачи во рамките на законот, нема да ги злоупотребува своите овластувања, ќе ги почитува човековите слободи и права и може да се очекува доверба од страна на јавноста.

## 1.6. Јакнење на интегритетот, одговорност и кодекс на полициско однесување

За да се оправда довербата на граѓаните, полицијата мора да покаже професионализам и високо ниво на интегритет при вршење на својата службена должност, да биде спремна да се спротивстави на искушенијата на злоупотреби на полициските овластувања и

единствено да се одсликува со професионализам и етички вредности со што би ги следела правилата на професионалното однесување. Во остварување на целите на Министерството за внатрешни работи за бескомпромисна борба против корупцијата, значаен фактор претставува и јакнењето на интегритетот на вработените во Министерството

Припадниците на Министерството за внатрешни работи во своето постапување често доаѓаат во контакт со лица кои постапуваат незаконски, неетички, неморално, поради што истите треба да бидат на високо морално, етичко и професионално ниво.Полицијата мора да ја извршува својата должност на вешт, искрен и непристрасен начин единствено штитејќи ги интересите на јавноста и на граганите на кои им служи.

Полицискиот службеник треба да покаже афинитети за работата што ја извршува и позитивно да ги вреднува крајните цели на Министерството. Односот на службеникот спрема работата се гледа во неговиот интерес за неговата стручност, лично напредување и совладување на вештините во дејноста која што ја одбрал како професија.

Припадниците на Министерството се должни своите задачи да ги извршуваат на праведен начин при тоа раководејќи се од принципите на непристрасност и рамноправност, без разлика на нивната етичка социјална или друга припадност, да го почитуваат достоинството на граѓанинот со цел заштита на угледот на граѓанинот и Министерството за внатрешни работи.

## 1.7. Спроведување на систем на кариера

Со Законот за внатрешни работи за прв пат во Република Македонија се воведе систем на кариера во Министерството за внатрешни работи и полицијата, со што крајно се стесни просторот за непотизам, кронизам и патронажа. Прецизните критериуми и норми за напредок и кариера во Министерството ќе се спроведуваат исклучиво врз основа на стручност, компетентност и професионалност. Со ограничување на дискреционите права за селекција се предвидуваат низа објективни и мерливи критериуми за унапредување во службата, а со тоа и зголемување на мотивацијата на сите вработени.

Се очекува зголемување на ефикасноста на полицијата бидејќи со воспоставениот систем на кариера однапред се предвидени условите и критериумите за унапредување и однапред

е предвидено во кој рок и како се постигнува одреден степен во хиерархијата во службата.

Со хоризонталното и вертикалното напредување во кариерата, начинот и критериумите за оценување, дисциплинската одговорност и новините во санкционирањето и деградирањето на полициските службеници се подига свеста на вработените за извршување на поставените задачи и намалување на можноста за корумпирање на нивниот професионален пристап.

## 1.8. Ефикасност и ефективност во работата на службите во составот на Министерството за внатрешни работи

Зајакнувањето на ефикасноста и ефективноста на полицијата е можна само со доследно почитување на пропишаните норми и стандарди, следење на најдобрите европски искуства, практики и стандарди на полициско постапување.Ефикасноста и ефективноста на полицијата се огледува во начинот на постапувањето, расветлените криминални активности, санкционирање на полициските службеници во случај на недоследности и корумптивни постапки, непостоење на исклучок при утврдување на одговорност, транспарентност на постапките, достапност на полицијата за јавноста и сл.

За да може да се подобри ефиканоста и ефективноста на полицијата и да се ограничи просторот за коруптивно однесување на полициските службеници потребно е јасно и прецизно да се дефинираат надлежностите и задачите на вработените во Министерството и полицијата.

## 1.9. Зајакнување на меѓуинституционалната соработка

Со цел ефикасна и ефективна борба против корупцијата неопходно е постоење и соработка на Министерството со другите ресорни министерства, државни органи и институции за борба против корупцијата и криминалот воопшто. Соработката треба да служи како базична основа и водечка сила на институциите во борба против корупција, која ќе ги одразува приоритетите и принципите на владината програма.

Во оваа насока потребно е да се зајакне соработката на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди со Одделението за гонење на сторители на кривични дела од областа

на организираниот криминал и корупција при Јавното обвинителство на РМ, Царинската управа на РМ, Финансиската полиција и Дирекцијата за спречување на перење пари. Исто така, неопходно постоење на функционална поврзаност и формирање на заедничка база на податоци до кои ќе имаат пристап сите субјекти задолжени за борба против корупцијата, со цел размена на информации на дневна основа заради обезбедување одржлив систем на заеднички приод во реализирањето на сопствените обврски на институциите за неселективната борба против корупцијата.

## 1.10. Унапредување на меѓународната соработка во борбата против корупцијата

Согласно позитивното законодавство на Република Македонија и меѓународните стандарди, Министерството за внатрешни работи има интензивна меѓусебна соработка со Интерпол, SECI – центар и другите меѓународни организации.

Со потпишувањето на меморандуми за соработка и непосредна комуникација со државите во регионот, државите потписници превземаат координирани активности во борбата против корупцијата по пат на организирање на заеднички координирани акции со специјални методи, размена на информации, заемна помош при имплементација на националните закони и давање препораки за решавање и постигнување на планираните цели во борбата против корупцијата и организираниот криминал.

Службите со цел откривање и сузбивање на организиран криминал и корупција во текот на соработката ќе разменуваат податоци за сторители на кривични дела со елементи на корупција, за поврзаноста помеѓу припадниците на криминалните групи или злосторнички организиации, нивно основање, фактичката состојба посебно за време, место и начин на сторување на делото, објекти на напад, за посебни околности на кршење на правните прописи и превземени мерки.

На барање да се спроведат такви полициски мерки кои ќе бидат во склад со правните прописи на двете држави, вршење увид во веќе сторени кривични дела, соработка со прилагодени полициски одредби со кадровска, материјална и организациона подршка, почитување на важечките закони за испорака и казнено-правни прописи, размена на податоци и сознанија за нови методи и облици кои се користат во меѓународен криминал со цел

понатамошно усовршување и размена на резултати постигнати во криминалистички, криминолошки и други истражувања.

Заеднички да се известуваат за методите кои се користат во пракса при извршување на кривичните дела, да се дадат на увид примерок од документи кои потекнуваат од криминални дејствија или се користат при извршување на кривични дела или послужиле за злоупотреба заради подобра спремност во борбата против корупцијата. Размена на стручни кадри зарадни нивно стручно усовршување, меѓусебно запознавање со методи и средства користени во борбата против криминалните дејанија и запознавање со современи техники користени во криминалистиката, по потреба да се организираат работни состаноци за припрема, координација и реализација на понатамошни активности.

## 1.11. Спречување на судир на интереси при вршење на јавните должности

Вработените во Министерството и полицијата при извршување на своите должности не смеат да ја користат својата службена положба и овластување за лични потреби или потреби на своето семејство, роднини, пријатели ,личности или организации со кои биле или се во некаков однос. Тие мора секогаш да постапуваат во служба на јавниот интерес, сосема исклучувајќи ги своите приватни интереси, почитувајќи ги принципите на законитост, ефикасност, доверливост, независност, самостојност, чесност и професионалност.

Судир на интереси подразбира состојбата кога приватниот интерес на службеното лице е во спротивност со јавниот интерес или кога приватниот интерес влијае или може да влијае врз неговата непристрасност при вршењето на работите од јавен интерес.

Постои јасна врска помеѓу корупцијата и судирот на интереси. Корупцијата претставува користење на службената должност за лична корист, додека пак судирот на интереси е извршување на службените должности во оние случаи во кои службеното лице ќе има приватен интерес што е, или се чини дека е во судир со нивната службена должност. Корупцијата честопати може да вклучува случаи на судир на интереси, но сите случаи на судир на интереси не се истовремено и случаи на корупција.

Значителен дел од службените лица имаат недоволно познавање на поимот и појавата на судир на интереси. Од таа

причина Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди ке превзема мерки во две насоки: од една страна ќе ја зајакне превенцијата со едуцирање и запознавање на службените лица  што преставува судирот на интереси, и од друга страна ке превзема мерки да го развие системот на откривање, надминување и репресија.

Борбата против корупција во сопствените редови бара примена на антикорупциска политика и правила на однесување за правилно, достоинствено делување на полицијата со примена на ефективни мерки во имплементација на антикорупциската политика на сите  полициски нивоа. Ефикасното решение мора да има за цел решавање на основиот проблем за  можноста за корупција на одредени работни места и поради тоа мора да се зајакне ефикасноста и ригорозноста на системот на дисциплинските мерки.  Врз основа на напред наведеното потребно е внимателно предвидување на ризични ситуации за потенцијален судир на интереси и корупција кои можат да се јават при вршење на одредени видови на полициска работа со однапред превземање на административни мерки за отстранување на можноста за судир на интереси и корупција.

Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди врши евидентирање и чување на анкетните листови на службените лица во Министерството за внатрешни работи и со нив постапува согласно Правилникот за начинот на постапување со анкетни листови на службени лица. Исто така, Секторот за внатрешна конторола и професионални стандарди е задолжен за евидентирање и чување на Изјавите за интереси. Со цел доследно почитување на Законот за судир на интереси и Правилникот за дејностите кои се неспоиви со полициските работи, Секторот во соработка со надлежните испекциски служби и Државната комисија за спречување на корупцијата ќе утврди процедури за меѓусебна соработка за превземање на мерки за спречување на корупцијата.

## 1.12.Ширење на јавната свест кај граѓаните за штетноста од корупцијата

Од посебна важност е антикорупциската едукација на граѓаните со ширење на јавната свест за опасноста и штетните последици од корупцијата. Потребно е да се мобилизираат институциите во антикорупциските напори преку институционална соработка, но и јакнење на соработката со невладиниот сектор.

Со цел подигање на јавната свест за штетноста од корупцијата, Министерството за внатрешни работи ќе организира интерактивни програми за приближување до заедницата, со организирање средби и работилници,формални и неформални форуми за отворени дискусии со граѓаните од локалната самоуправа со што ке се зголеми и зајакне соработката на граѓанскиот сектор на локално ниво и службите на Министерството кои се надлежни за сузбивање на корупцијата. Ова би можело да доведе до вклчување на заедницата во програми за превенција од корупција и криминал, формирање на коалиција за решавање на проблеми и развивање на чувство на заедничка одговорност за подобрување на јавната безбедност.

Во информирањето на јавноста важна улога имаат пишаните и електронските медиуми со емитување на антикорупциска кампања за подигање на свеста кај граѓаните за штетноста од корупцијата и афирмација за нулта толеранција за корупцијата.

Заради подигање на јавната свест за штетните последици од корупцијата, Министерството за внатрешни работи ке превземе активности со цел да ги информира граѓаните за констатирано коруптивно однесување на вработени во Министерството и полицијата, појавни облици, телефонски броеви за пријавување и надлежни организациони единици за постапување.

## **<u>1.13. Транспарентност во работењето значаен сегмент за спречување на корупцијата во Министерството за внатрешни работи;</u>**

Анти корупциската програма на Министерството за внатрешни работи е наменета за вработените во Министерството.

Секторот за односи со јавност и информации од јавен карактер соработката со медиумите и ќе ја подигне на повисоко ниво, особено преку учество во дебати, емисии и слични форми со непосредно учество во подигањето на јавната свест за опасноста од корупција и организиран криминал.

Со активното учество на истражувачкото новинарство во откривањето и спречувањето на корупцијата, ќе добиеме уште еден партнер во борбата против ова општествено зло. Секторот за односи со јавноста и информации од јавен карактер, во текот на годината ќе спроведе информативна кампања, со цел запознавање на јавноста со превентивните мерки кои ги превзема Министерството за внатрешни работи. Исто така, оваа

информативна кампања ќе има цел да ги мотивира и поттикне граѓаните на поголема соработка со Министерството и со надлежните служби задолжени за борба против корупцијата, а пред се со Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди. Нужно е да се работи транспарентно, отчетно и одговорно согласно принципите на стручност, компетентност и професионалност во извршување на работите и задачите.

## <u>2. Обврска за имплементација на Антикорупциската програма</u>

Согласно антикорупциската програма изготвен е акциски план за имплеменатација на антикорупциската програма кој е сочинет со задачи кои произлегуваат од оваа програма кои треба да ги реализираат конкретни организациони единици во Министрeството за внатрешни работи со јасна временска рамка на реализација. Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди е надлежен за следење на имплементацијата на Антикорупциската програма и во одредени области задолжен за спроведување.

Имплементацијата на оваа програма ќе доведе до зајакнување на досегашната меѓуинституционална соработка како и соработка со граѓаните. И натаму останува да функционира бесплатниот телефонски број 199 на кој граѓаните можат да пријават корупција и друго незаконско постапување на припадниците на Министерството со цел преземање на мерки.

***МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ***
***м-р Гордана Јанкулоска***